На маргините на состанокот на Собранието на Балканската мрежа за развој на граѓанското општество ( БЦСДН ) што се одржува на 18 и 19 април 2016 година во Скопје, **денес, 19 април, од 14.30 до 17 часот во хотелот Арка ќе се одржи тематска дебата: Достапноста на јавното финансирање за граѓанското општество во регионот** .




На дебатата ќе зборуваат: **Стефанија Андерсен**, оперативен директор на Фондацијата за развој на граѓанското општество од Романија за најдобрите практики на државно финансирање на ГО во Романија; **Алисон Кеирнс**, Раководител за развој во Шкотскиот совет за волонтерски организации за најдобрите практики на дистрибуција на јавни фондови за ГО од Шкотска; **Тања Хафнер Адеми**, извршен директор на БЦСДН ќе направи регионален преглед, а **Симона Огненовска**, соработник на проекти во МЦМС ќе го презентира документот за политики за јавното финансирање на ГО во Македонија.

Документот за политики, меѓу другото, ја анализира ставката **463 Трансфери до невладини организации** во буџетот на РМ. Иако од 2004 до 2014 година износот на таа ставка е незначително зголемен (малку над 218 милиони денари во 2004 година, до речиси 242 милиони денари во 2014 година), процентуално, **учеството на средствата за граѓански организации е значително намалено од 0,30% во 2014 година на 0,14% во 2014 година** .

Најмногу средства одвојуваат министерствата за финансии, за правда, за труд и социјална политика и за култура, како и Агенцијата за млади и спорт. Вкупните суми **за 10 години**
се движат од речиси
**874 милиони кај Минстерството за финансии**
до речиси 179 милиони кај Министерството за култура. Во 2015 година, со ребалансот на буџетот, најмногу средства се планирани во Министерството за правда, 2,3 милиони евра и Министерството за труд и социјална политика 1,3 милиони евра.

Најнискиот индивидуален грант изнесува 3.000, а највисокиот 51 милион денари. Според анализата, **46% од добитниците само еднаш се нашле на оваа листа**, а останатите 54% добиле повеќе од еднаш.
**Има организации кои 17 пати добиле грант од овие средства**
.

Приходите од **игри на среќа и забавни игри**, со два исклучоци, **завршуваат на сметка на организациите кои работат со лица со хендикеп**
. Најголем добитник, односно 55 милиони денари од вкупниот фонд од 66 милиони денари добиваат Националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација.

Организациите се соочуваат со недостатокот на податоци за дистрибуција на државните средства за граѓански организации како и нивната неконзистентност. Висината на средства не е соодветна на потребите, нема повеќегодишна поддршка, нема институционална поддршка. ГО имаат потреба од средства за ко-финансирање и предфинансирање. Распределбата на приходите од игри на среќа и забавни игри не ги следи принципите за транспарентност и еднакви можности.

МЦМС ги набљудува јавните фондови за граѓанското општество во Македонија во последните 20 години. Со овој документ за политики со кој се прави напор да се мапира и да се подобри достапноста на податоци за јавно финансирање и да се направи пресек на сегашните практики на директното буџетско финансирање на ГО во Македонија. Сите овие активности треба да послужат како основа за идните дискусии и комплетирање на реформата на јавното финансирање на ГО. Имајќи предвид дека станува збор за предизвици за целиот регион, денешната дебата ќе обезбеди споредбена перспектива. Освен тоа, неефикасноста на јавните фондови е едно од прашањата кои се заеднички во извештаите за прогрес на ЕУ за 2014 година за целиот регион.

Јавното финансирање на граѓанските организации (ГО) е еден од клучните елементи во пристапот на владата за зајакнување на партнерството со граѓанското општество и поддршката на неговиот развој и значаен извор за одржливост на граѓанските организации во европските земји.